# И МАКЕДОНИЈА СЕ ЗДОБИВА СО СОВЕТУВАЊЕ ПРИ КУПУВАЊЕ И



НАСКОРО ЌЕ СЕ ЗНАЕ КОЈ ЌЕ СЕДНЕ ВО ПЕРСПЕКТИВНИТЕ СТОЛЧИЊА

# СПЕЦИЈАЛИСТИТЕ А "БОГАТАШИТЕ"

**Инвестиционите советници ќе ги следат берзанските случувања, ќе изработуваат анализи за вредноста, квалитетот на акциите, ќе имаат право на граѓаните и на компаниите да им ги препорачуваат предностите и ризиците од купувањето хартии од вредност. Експертите ќе ги советуваат клиентите при купување и продавање акции и обврзници, со цел да се заштитат или барем да се ублажат несаканите последици кои можат да настанат од неискусното тргување на Берзата.**

**Со постоењето на инвестиционите советници ќе се зголеми информираноста на јавноста и на акционерите за состојбите на пазарот на капитал. Исклучителната заинтересираност за инвестициони советници, која е забележана изминативе денови, го потврдува фактот дека пазарот на капитал во државава се покажува како зрел и дека инвестиционите аналитичари се реална потреба. Меѓу пријавените кандидати кои сакаат да ја следат обуката има активни брокери, вработени во Берзата, во пензиските фондови, во банки, во компании, но и млади образовани кадри кои имаат намера да се специјализираат токму во оваа бранша, а веројатно гледаат и можност за вработување.**



Пишува: **Арсен КОЛЕВСКИ**

Наскоро граѓаните ќе можат да се уверат дека Берзата е место каде што може да се заработат пари, оние кои за тоа имаат можност (пари н.з.). Бидејќи сите кои сакаат да заработат преку вложување во акции и во обврзници, но не се сигурни каде е најдобро да се инвестира, многу брзо ќе можат да побараат и да добијат стручен совет од вистински "специјалисти" за таа област.

Значи, сите граѓани кои имаат пари, а не знаат каде да ги вложат набрзо ќе можат да побараат препорака од инвестиционите советници. Експертите ќе ги советуваат клиентите при купување и при продавање акции и обврзници, со цел да се заштитат или барем да се ублажат несаканите последици кои можат да настанат од неискусното "играње" на пазарот на капитал. Но, не смее да се заборави дека и совет од најсофистицираниот аналитичар не значи дека инвеститорот може да се амнестира од сопствената одговорност. Инвестиционите советници ќе ги следат берзанските случувања, ќе изработуваат анализи за вредноста, квалитетот на акциите, ќе имаат право на граѓаните и на компаниите да им ги препорачуваат предностите и ризиците од купувањето хартии од вредност.

Со оглед на фактот дека вложувањето на Берзата е потег кој го преземаат сè повеќе граѓани во земјава и дека се зголемува бројот на лицата кои сакаат да остварат профит преку тргување со акции, советите од стручни и од едуцирани експерти ќе бидат навистина добредојдени.

## ИНФОРМИРАНОСТ

"Сметаме дека со инвестиционите советници би се зголемила информираноста на јавноста и на акционерите за состојбите на пазарот на капитал, би се надминала огромна пречка со која досега се соочуваа потенцијалните инвеститори кога немаат кој да ги посоветува каде да вложат. Исклучителната заин-

# ИНВЕСТИЦИОНИ ЕКСПЕРТИ ЗА ПРОДАВАЊЕ АКЦИИ И ОБВРЗНИЦИ

терисираност за инвестициони советници, која е забележана изминативе денови го потврдува фактот дека пазарот на капитал во државава се покажува како зрел и инвестиционите аналитичари се реална потреба", вели Габриела Јовева, самостоен советник за односи со јавност на Комисијата за хартии од вредност.

Меѓу пријавените кандидати кои сакаат да ја следат обуката има активни брокери, вработени во Берзата, во пензиските фондови, во банки, во компании, но и млади образовани кадри кои имаат намера да се специјализираат токму во оваа бранша, а веројатно гледаат и можност за вработување.

Во согласност со Законот за хартии од вредност, услуги поврзани со инвестиционо советување на клиенти можат да вршат само овластени инвестициони советници.

Инвестициониот советник треба да има положен стручен испит за инвестиционо советување кое го организира Комисијата за хартии од вредност.

Тој не треба да биде осудуван за кривично дело во последните пет години пред поднесувањето барање за дозвола за инвестиционен советник, ниту да предизвикал стечај на правно лице. Пред инвестициониот советник да почне да ги нуди своите услуги на пазарот потребно е да добие дозвола за работење од Комисијата за хартии од вредност.

Комисијата за хартии од вредност подолг период работи на подготовка на обуката за инвестиционо советување, сè со цел таа да биде спроведена квалитетно по европски стандарди, појаснува Јовева. Применето е и компаративно истражување преку разгледување на програмите на CFA (Chartered Financial Analyst), CEFA (Certified EFFAS Financial Analyst) и CIIA (Certified International Investment Analyst), како и на искуствата од неколку земји од регионот, пред сè, од Словенија и од Хрватска; се разгледаа предлозите на експерти ангажирани од FSVC; а се применија и сопствени согледувања.

## ВРВНА ОБУКА

Програмата по која ќе се едуцираат инвестиционите аналитичари се очекува на кандидатите да им обезбеди баланс меѓу теоретското и практичното.

Обуката е поделена на три дела (модули) и ќе се одржува во следниве периоди: модул 1 - од 10 февруари до 17 март 2007 година; модул 2 - од 21 март до 19 април 2007 година; и модул 3 - од 16 мај до 9 јуни 2007 година.

Предавачи на обуката која ја спроведува Комисијата за хартии од вредност ќе бидат домашни и странски стручњаци. Меѓу домашните експерти има врвни професори од Правниот и од Економскиот факултет, угледни банкари и ценети ревизори. Оваа обука е пообемна во однос на онаа која треба да се мине за да се стане брокер. Главни подрачја за кои ќе се едуцираат инвестиционите аналитичари се:

| Ред.бр. | Наслов на темата |
|---|---|
| 1. | Регулатива за пазарот на капитал во РМ |
| 2. | Квантитативни методи и статистика |
| 3. | Економика |
| 4. | Анализа на сметководствени и финансиски извештаи |
| 5. | Финансии на корпорацијата (финансиски менаџмент) |
| 6. | Анализа и вреднување на акциите |
| 7. | Анализа и вреднување на инструменти со фиксен доход |
| 8. | Финансиски деривативи |
| 9. | Анализа на алтернативни инвестиции |
| 10. | Портфолио менаџмент |
| 11. | Етика, професионални стандарди и односи со клиенти |

Со почнувањето на функционирањето на инвестиционите советници, Република Македонија ќе се приклучи кон европските земји. Ако сè оди по планот, првите инвестициони советници треба на сцена да стапат во втората половина од годинава.

Инвестиционите советници се многу важни за заживување на инвестиционите фондови, кои најмногу ги користат услугите на инвестиционите советници. За жал, досега не е формиран ниту еден инвестиционен фонд, за што како главна пречка се лоцира високата основна главнина која се бара согласно Законот за инвестициони фондови за основање на отворениот, односно на затворениот инвестиционен фонд.

Во земјите со развиена пазарна економија токму инвестиционите советници им помагаат на инвеститорите при носењето одлуки и придонесуваат за развој на пазарот на капитал.

# ЌЕ СОВЕТУВААТ, ЌЕ "ТОВАРАТ"



ЕКСПЕРТИ ЌЕ ГИ СОВЕТУВААТ КЛИЕНТИТЕ ПРИ КУПУВАЊЕ И ПРОДАВАЊЕ АКЦИИ ЗА ДА ГИ ЗАШТИТАТ ОД СИТЕ ПОСЛЕДИЦИ КОИ МОЖАТ ДА НАСТАНАТ ОД НЕИСКУСНОТО ТРГУВАЊЕ НА БЕРЗАТА